Врз основа на член 24 став (1) и став (4) од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), како и член 123 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) и член 50 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 5/02), Градоначалникот на општина **ДОЈРАН** го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот и кои граничат и се опфатени со утврдениот опфат на **Урбанистичкиот план за село НИКОЛИЌ и разработка на Блок 1,2,3,4,5 и 6 КО.Николиќ, општина Дојран**, дека Градоначалникот на општина Дојран донесе Решение за спроведување на јавна презентација и јавна анкета за донесување на Урбанистичкиот план, изработен од ДГТУ„НИМАЕР„Благоја Дооел Струга д.е.Скопје.

Урбанистичкиот план ќе биде изложен на Огласната табла во зградата на општина Дојран и во село Николиќ на едно јавно место на излогот од постојниот трговски дуќан во селото во рок од десет работни дена од денот во објавувањето во јавните гласила, почнувајќи од 24.02.2020 година до 06.03.2020 година секој работен ден од 08:оо до 16:оо часот. Контакт тел.: 034/225-278.

Јавната презентација на планот ќе се одржи на ден 06.03.2020 година во просториите на општина Дојран со почеток во 10:оо часот.

Анкетните листови за учество во јавната анкета може да се добијат во општина Дојран.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

УП1Бр.12-23
19.02.2020година
Стар Дојран

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**